**20130611347**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на член 146 став 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13), министерот за труд и социјална политика донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА НАЧИНОТ НА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО УСТАНОВИТЕ ЗА ДЕЦА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на стручно усовршување на вработените во установите за деца.

Член 2

Вработените во установите за деца стручно се усовршуваат преку генерички (општи) обуки и специјализирани обуки.

Член 3

Генеричките обуки се однесуваат на потребите на сите вработените во установата за деца и се спроведуваат во следните области: административно работење; комуникација; управување со човечки ресурси; управување со проектен циклус; управување со финансии; информатички вештини и странски јазици.

Член 4

(1) Специјализираните обуки се однесуваат на потребите на определени вработени или група на вработени во установата за деца, за унапредување на нивните специфични знаења и вештини во извршувањето на работите и работните задачи предвидени за работното место на кое се распоредени.

(2) Специјализираните обуки се спроведуваат во областите:

- Теоретски основи на детскиот развој ;
- Стандарди за рано учење и развој;
- Проценка и документација на развојните постигања кај децата;
- Стретегии за учење и подучување на малите деца;
- Креирање на стимулативна средина за рано учење;
- Соработка и партнерство со родители;
- Спречување на насилство, злоупотреба и запоставување;
- Разивање и потикнување на креативни вештини кај децата;
- Почитување на различности и инклузија на деца со пречки во развојот и социјално маргинализираните групи;
- Комуникациски вештини;
- Развивање на мотивација за учење;
- Иновативни методи за учење и подучување на малите деца, како и управување со воспитните групи;

Член 5

Генеричките и специјализираните обуки се спроведуваат преку:

1. Семинар;
2. Работилница;
3. Студиска посета;

4. Обука на работно место;
5. Курс;
6. Учење од далечина;
7. Конференција;
8. Специјализација.

Член 6

Во смисла на овој правилник:

1. Семинар е форма на учење за специфична област, без практична работа на учесниците, заради стекнување на дополнителни знаења;
2. Работилница е форма на учење со примена на интерактивни методи со цел стекнување на одредени вештини преку решавање на конкретни проблеми;
3. Студиска посета е форма на учење преку запознавање со искуствата на други држави на непосреден начин, заради нивна примена во сопствената работна средина;
4. Обука на работно место е форма на учење за стекнување или усовршување на вештините за извршување на работните задачи за одредено работно место со помош на ментор(и);
5. Курс е форма на учење за стекнување или усовршување на знаења и вештини преку организирана настава во одреден временски период;
6. Учење од далечина – е форма на учење со користење на материјали во специјално креирана електронска форма достапна преку интернет со помош од предавач (ментор);
7. Конференција е форма на учење за размена на знаења и искуства;
8. Специјализација е форма на учење за стекнување на знаења и вештини во конкретна област во временски период од три месеци до една година.

Член 7

Генеричките и специјализираните обуки се спроведуваат на три нивоа, и тоа:

1. О – Основно ниво – обезбедува основни познавања од соодветната област и служи како основа за натамошно усовршување;
2. Н – Напредно ниво – обезбедува проширени и продлабочени знаења за развивање на посебни компетенции од соодветната област, и
3. Т – Обука на обучувачи – форма на учење со употреба на различни пристапи соодветни на содржината која овозможува градење на капацитетите на поединците преку стекнување знаења и обучувачки вештини, како и формирање на ставови со цел нивно оспособување за испорака на обуки.

Член 8

(1) Потребите за обука и стручно усовршување се идентификуваат од страна на стручниот совет и вработениот преку план за индивидуален развој. Во планот за индивидуален развој, вработениот ги наведува обуките и стручно усовршување кои смета дека му се потребни за извршување на работата и работните задачи и го доставува до стручниот совет.

(2) Планот за индивидуален развој може да се надополни со потреби за стручно усовршување идентификувани за време на оценувањето на вработениот.

Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 11 - 2747/1
19 април 2013 Министер,

година
Скопје **Спиро Ристовски,**
с.р.